**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-133/9**
**Скопје, 01.06.2022 година**

Записник од педесет и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 01.06.2022 година.

Присутни:
г. Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г.Арбер Исаку – Заменик претседател на Советот
г-дин Влатко Георгиевски член
г.Љубомир Јовески член
г-ѓа Јасна Жежова член
г.Љупчо Ивановски член
г. Ицет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на педесет и шеста седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 55-та седница на Советот
2. Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје за 2021 година.
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јвени обвинители во ВЈО Скопје.
4. Разно.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 56-та седница на Советот и пред да го предложи дневниот ред ги извести членовите на Советот дека на јавните обвинители на ВЈО Битола и јавниот обвинител на ОЈО Радовиш им истекуваат мандатите како вршители на должност во овие јавни обвинителства и воедно предложи дневниот ред биде дополнет со уште една точка и тоа: Донесување на одлука за вршител на должност Виш јавен обвинител на ВЈО Битола и вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Радовиш за време до избор на јавни обвинители, но не подолго од шест месеци. Вака предложениот и дополнет дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 55-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски и даде збор на јавниот обвинител на ОЈО ГОКК Скопје г-ца Вилма Русковска.

Јавниот обвинител на ОЈО ГОКК - Скопје, г-ѓа Вилма Русковска во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК - Скопје за 2021 година. Кажа дека Годишниот извештај претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со вкупниот број на предмети и видот на кривичните дела за извештајната 2021 година, по кои постапувало ова јавно обвинителство. Воедно истакна дека јавните обвинители во ова јавно обвинителство за извештајната 2021 година постапувале професионално и стручно.

Откако ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-ѓа Вилма Русковска заврши со излагањето на Годишниот извештај за ОЈО ГОКК – Скопје, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски се заблагодари за опсежното излагање на годишниот извештај и воедно зема збор по оваа точка од дневниот ред. Постави прашење по однос на предметите решени се резолуција кои се водат во РО уписникот.

Јавниот обвинител г-ца Вилма Русковска даде образложение во однос на ова прашање и кажа дека оштетеното лице е известено од страна на јавното обвинителство дека нема место за јавнообвинителска одлука, а доколку се поднесува жалба тогаш има презаведување на предметот од РО во КО.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски исто така даде забелешка на страница 21 од извештајот во однос на бројката на предмети заведени во уписникот КОПС, смета дека станува збор за техничка грешка. Укажа на забелешка на страна 47 од извештајот во поглед на меѓународната соработка со други земји смета дека има недоречности во текстот, како и на страница 99 во делот на меѓународната соработка и стручно усовршување. Заклучи дека извештајот е добро изготвен и позитивно го оцени со забелешка во однос на одделението за полициските овластување каде има само еден обвинителен акт за една година.

Збор зема г-дин Коле Штерјев се осврна на бројката на пријавени лица и смета дека треба да има корекција, за да нема забуна во однос на бројката за лица и предмети. Истакна дека има подобрување на процентот на незавршени предмети и смета дека јавните обвинители треба да се фокусираат на решевање на старите предмети. Даде забелешка во однос на решени и нерешени истраги. Исто така кажа дека е голема бројката на предмети отворени по сопствена иницијатива. Предложи да се направи пресек и да се извадат оние предмети кои јавното обвинителство само ги има отворено и да се види ефектот. Генерално позитивно го оцени Годишниот извештај на ОЈО ГОКК за 2021 година.

Јавниот обвинител г-ца Вилма Русковска кажа дека има голем проблем со вештачењата, поради што постапките се одолговлекуваат. Во однос на предметите кои се отвараат по сопствена иницијатава кажа дека многу се внимава и дека предметите за кои јавноста најмногу покажала интерес, биле предмети кои биле покренати по сопствена иницијатива на јавното обвоинителство, а не по иницијатива на други институции.

Збор зема г-дин Ицет Мемети кажа дека извештајот е доволно содржаен и аналитичен и дека во квалитет се разликува од останатите извештаи, како и дека самиот извештај според него ја постигнал целта што за разлика од другите дава и насоки како да се надминат слабостите со цел подобрување на ефикасноста и квалитетот на ова јавно обвинителство. За да се постигне уште поголема ажурност и поквалитет тој даде насоки. Воедно ги наброи трите битни сегменти, како што се кадарот, средствата и техниката кои се спомнати во извештајот како слабости, а кои треба да се подобрат и тоа во однос на јавнообвинителскиот кадар, стручната служба како и техничката опременост на јавното обвинителство и потребните средства. Смета дека по однос на соработката во извештајот високо е ценета меѓународната соработка и дека за истата има податоци дека е добра и квалитетна, но од друга страна

недостасуваат податоци и оценка по однос на соработката помеѓу другите органи на прогон и ова јавно обвинителстство. Смета дека има простор да се подобри и квалитетот на работата. Во однос на постапувањето на Одделението за полициско постапување кажа дека има одреден напредок и дека треба уште повеќе да се работи на тој сегмент. Смета дека извештајот треба да биде позитивно оценет.

Г-ѓа Јасна Жежова истакна дека Годишниот извештај е добро изготвен и ја дава реалната слика за состојбите во ова јавно обвинителство, и дека од истиот произлегуваат позитивни констатации и воедно укажа на неколку забелешки. Кажа дека за пофалба е зголемениот број на спогодби во однос на предходната извештајна година, дека над 80% се со затворски казни, додека останатите се условни казни. Исто така се осврна на предметите отворени по сопствена иноицијатива каде смета дека е добро да се има и податок за исходот на истите или пак фазата во која се наоѓаат истите, за да се има појасна слика за ефективноста. Се осврна на подносителите на кривични пријави и кажа дека најмногу се поднесени од страна на МВР со 35%, по сопствена иницијатива 32%, од други обвинителства 24% што е бројка над 90%, воедно постави прашање каде се подносителите како што се институциите: УЈП, Финансова полиција, Царинската управа, што е забелешка за другите органи, а што се одразува на структурата на кривичните дела. Даде забелешка и на страница 41 за настаната имотна штета од сторени кривични дела каде што нема податоци во извештајот. Заклучи дека извештајот е добро изготвен и позитивно го оцени.

Г-дин Влатко Георгиевски укажа на техничкиот аспект на изработката на извештајот и воедно кажа дека ова е прв извештај откако е во Советот, кој нуди ваква техничка изработка и покрај некои технички грешки на истиот. Кажа дека извештајот текстуално е одлично изработен дека се користат сите можни графички алатки, графикони и табели, со што се олеснува разгледувањето на извештајот, што дава можност да се спореди работата со предходните години. Воедно потенцираше дека извештајот е изготвен на одлично стандарден литературен македонски јазик.

Збор зема г-дин Љупчо Ивановски смета дека овој извештај е исклучително добро изготвен и концепиран и ги содржи сите битни елементи што даваат општ впечаток за обемот на работата, начинот на работата на ова јавно обвинителство. Смета дека во делот каде што се наведуваат уписниците прво е наведено што точно се евидентира за да биде јасно за какви предмети станува збор.Воедно кажа дека е за пофалба методолошкиот пристап каде се прави парарела на пет годишното работење со што може да се добие една целосна и генерална општа слика за работењето на ова јавно обвинителство. Се осврна на податоците за предметите поведени по сопствена иницијатива и кажа дека процентот е доста голем. Укажа на податокот дека нема податоци за причинетата материјална штета од сторените кривични дела, како и дека податоците за конфискација се доста оскудни. За бројот на судења во текот на извештајната година кажа дека бројката од 973 судења е доста голем, и смета дека бара голем ангажман на јавните обвинители, а во поглед на пресудите кажа дека нема јасен податок. Воедно Годишниот извештај на ОЈО ГОКК за 2021 година го оцени позитивно.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кажа дека се согласува дека извештајот ги содржи сите потребни податоци со кои може да се оцени работата на ова јавно обвинителство за извештајната 2021 година. Воедно укажа на два момента и тоа дека неможе да се види целокупниот обем на работа и се она што јавното обвинителство има преземено во текот на 2021 година, и даде мала сугестија кај обемот на работа да се наведат повеќе активности или повеќе уписници по кои ова јавно обвинителство постапува, за да може да се сублимира неговата работа во извештајната 2021 година. Како второ укажа на структурата на кривичните дела по кои постапува ова јавно обвинителство и кажа дека може да се види дека застапени се скоро сите видови на кривични дела за кои ова јавно обвинителство е надлежно, за разлика од предходните години, кога доминирале кривични дела поврзани со дрога и криумчарење на мигранти. Воедно годишниот извештај го оцени позитивно.

Откако никој не се јави за дискусија ЈО на ОЈО ГОКК – Скопје г-ца Вилма Русковска ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК - Скопје за 2021 година..

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, го разгледа и позитивно го оцени Годишниот извештај на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје за 2021 година.**

Под точката четири од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на минатата седница на Советот било разговарано за донесување на одлука за објавување на оглас за јавни обвинители во ВЈО Скопје по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кој кажа дека прво треба да се има во предвид законитоста и кадровската состојба во јавното обвинителство при објавувањето на огласот посочувајќи го чл.10 ст.1 и член 36 ст.1 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ. Кажа дека од предвидените 17 јавнообвинителски места во ВЈО Скопје, шест јавнообвинителски места се испразнети согласно предвидената систематизација во ВЈО Скопје. Предложи да се објави оглас за избор на три јавни обвинители во ова јавно обвинителство.

Г-дин Коле Штерјев смета дека прво треба да се согледаат состојбите во ова јавно обвинителство, за да се добие реална слика и потреба дали треба да се објави оглас, а потоа да се оди со оглас за избор на јавни обвинители. Кажа дека од денешниот извештај на ОЈО ГОКК – Скопје, ова јавно обвинителство и покрај тоа што не е целосно пополнето со јавнообвинителски кадар работи солидно. Нема ништо против да се распише оглас за ВЈО Скопје, но предложи предходно да се направи добра анализа, а потоа да се оди со одлука за објавување на оглас.

Г-дин Иџет Мемети смета дека добро е Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје, од причина што при разгледување на извештајот од ВЈО Скопје, ја истакнавме потребата од зајакнување на јавнообвинителскиот кадар во ВЈО Скопје. Останува на ставот дека Советот на денешната седница да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје.

Г-ѓа Фиданка Рајевска смета дека нема потреба од брзање од причина што доаѓа време на годишни одмори и смета дека сега нема поента да се објавува оглас, а воедно кажа дека сеуште не е извршен избор по завршените огласи кои Советот ги имал објавено. Предложи да се оди постепено и да не се избрзува со објавување на оглас.

Г-дин Влатко Георгиевски се согласи со предлогот на г-ѓа Фиданка Рајевска

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески смета дека треба да се направат анализи за потребите на јавни обвинители во повисоките јавни обвинителства, па потоа да се донесе одлука. Смета дека треба да се направи баланс за потребите во основните и вишите јавни обвинителства. Кажа дека после 30.06. некои состојби ќе станат појасни. Во ОЈО Скопје кажа дека состојбата е релативно добра, додека кај останатите основни јавни обвинителства состојбите се тешки, посочувајќи ги ОЈО Тетово, ОЈО Гостивар, ОЈО Кичево и др. јавни обвинителства. Остави на Советот да процени дали во моментот треба да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку се согласи со Јавниот обвинител на РСМ, но кажа дека од годишниот извештај на ЈО на ВЈО Скопје, било укажано на недостаток од јавни обвинители во ВЈО Скопје и врз основа на тоа смета дека Советот треба да се раководи при донесување на одлука за објавување на оглас.

Г-дин Љупчо Ивановски кажа дека не е спорно дека скоро во сите јавни обвинителства без разлика основно или вишо има потреба од јавнообвинителски кадар и дека Советот нема да згреши доколку објави оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје. Смета дека најбитно е да се води сметка за кадарот кој треба да дојде во

ВЈО Скопје, а тоа ќе биде кадар дојден од основните јавни обвинителства, и воедно постави прашање дали пак во тие основни јавни обвинителства нема да се појави проблем од недостаток на јавнообвинителски кадар. Кажа дека согласно сегашната систематизација на јавнообвинителски места во ВЈО Скопје е 16+1 или седумнаесет јавни обвинители и постави прашање дали сега е вистинскиот момент за објавување на оглас.

Г-дин Коле Штерјев кажа дека генерално се води од тоа да не се одбиваат предлозите дадени од страна на членовите на Советот, но предложи првично да се направи пресек на состојбите и доколку Советот веќе одлучи да се објави оглас и тоа да биде за двајца јавни обвинители.

Г-дин Ицет Мемети потенцираше дека на минатата седница од страна на членовите на Советот било договорено за наредна седница на Советот, тоа е денешната седница, да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје. Кажа дека тоа нема да влијае на бројот на јавни обвинители по основните јавни обвинителства. Предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас, затоа што во спротивно би било несериозно Советот да го промени ставот. Затоа инсистираше неговиот предлог да биде ставен на гласање.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кажа дека доколку веќе било договорено на предходната седница да се донесе одлука за објавување на оглас, тогаш Советот истото да го стори. Предложи да се оди со оглас за двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје.

Г-дин Љупчо Ивановски смета дека е добро да се донесе конечна одлука по однос на ова прашање и не треба да е пречка тоа што има незавршени избори за јавни обвинители по објавени огласи од страна на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски го стави на гласање предлогот на г-дин Арбер Исаку и г-дин Ицет Мемети, Советот на денешната седница да донесе одлука за распишување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје.

Да се донесе одлука за објавување на оглас гласаа мнозинството на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје.**

Под точка разно Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски го отвори прашањето во врска со обезбедување на картички за паркинг места за членовите на Советот, тоа да се направи преку ЈОРСМ, каде Јавниот обвинител и вработените имаат картички за паркирање на паркинзите на ЈП"Градски паркинзи", па неколку картички (4-5) да се дадат на Советот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи педесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**